# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 2 Година I 31.12.2008




Предлог- Буџет 2009

## ПАРИТЕ ОД ГРАЃАНИТЕ - ЗА ГРАЃАНИТЕ

## ТРАМВАЈОТ СТАНУВА РЕАЛНОСТ

“СКОПЈЕ”

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило “СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Љупчо Пандиловски

**Заменик уредник**
Елена Кузмановска

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Трифун Костовски**
Булевар Илинденска бб

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил - адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

ДИЗАЈН: РЕПРИНТ





## Почитувани скопјани,

Еве не на прагот на Новата 2009 година. Веќе наголемо започнавме со чествувањето на празниците кои за момент, барем, треба да ни ги отргнат мислите од секојдневните грижи и низ празничниот амбиент и расположение да се насочиме кон подобра иднина за сите.

Годината што одминува ни донесе многу нови проекти, како што е клучката кај хотелот „Континентал“, жардиниерите на градските булевари и многу други проекти од областа на комуналните дејности, урбанизмот, сообраќајот... Град Скопје од сопствени средства годинава обнови дел од механизацијата на јавните претпријатија „Улици и патишта“ и „Паркови и зеленило“. Континуитет доживуваат и градските манифестации кои го збогатија културното милје на престолнината во изминативе четири години.

Кога зборувам за континуитетот, наредната година ќе започне со реализација на проектот кој го подготвувавме речиси полни три години. Секако, се работи за трамвајот, кој за скопјани ќе стане реалност. Продолжуваме до конечното уредување на Зоолошката градина, а за ЈСП повторно ќе издвоиме 129 милиони денари субвенции, како и оваа година.

Проекцијата на Буџетот за наредната година има инвестиционен карактер, затоа што речиси 65% од Буџетот се предвидува да бидат реализирани како капитални инвестиции. Освен тоа, оваа година, за првпат, Град Скопје добива и Развоен буџет, со кој во иднина континуирано ќе се планираат и финансираат проекти, како што е трамвајот, целосната реконструкција на Градскиот парк, изградбата и реконструкцијата на градските сообраќајници, заштитата на животната средина, Центарот за контрола и управување со сообраќајот и конечната изработка на целосен Географски информационен систем- ГИС. Со посебно задоволство Ви ги најавувам идејниот и финалниот проект за изградба на жичарница која ќе тргнува од Средно Водно, преку Милениумскиот крст и ќе завршува во Кањонот Матка. Покрај проектот за изградба на жичарница Градот ќе инвестира во понатамошно уредување на Кањонот Матка со цел да се заштити природната убавина, но и да се ревитализира богатиот духовен живот.

За да ги постигнеме целите и на заедничко задоволство Скопје да го внесеме на листата на европските метрополи, покрај напорите на градската администрација, неопходно е да се прифати и нашата иницијатива за измена на законите од страна на централната власт, со што ќе се овозможи системска поставеност и соодветно финансирање на градските надлежности.

## Почитувани сограѓани,

Со Вас ја споделувам надежта за подобра иднина и во тоа име Ви посакувам многу среќа во Новата 2009 година, како и голема семејна и лична благосостојба за божиќните празници!

Градоначалник
Трифун Костовски



# ТРАМВАЈОТ СТАНУВА РЕАЛНОСТ



*Изградбата на трамвајското депо се планира да почне во првите три месеци од 2009 година. Потоа ќе се прави дел од пругата, а кога ќе се создадат можности ќе се донесе и промотивно трамвајско возило. Според очекувањата, редовниот трамвајски превоз во Скопје ќе стартува во 2010 година*

**Александра Џаџовска**

Напорите на градоначалникот Трифун Костовски и на градската администрација за воведување нов, алтернативен јавен превоз на патници, кој ќе биде побрз, поекономичен и еколошки попогоден, почнуваат да ја доживуваат својата реализација. Проектот трамвај, почнува да станува реалност.

Деновиве се очекува да заврши изработката на проектот за трамвајското депо, кое ќе се гради на просторот меѓу населбата Ново Лисиче и реката Вардар. Откако ќе се изработи документот, ќе се направи ревизија на проектот, по што Град Скопје ќе распише тендер за избор на најповолен изведувач кој ќе го гради депото. Трамвајот ќе се движи по булеварите АСНОМ, „Србија“ и „Јане Сандански“, а потоа ќе поминува покрај Народната банка за да стигне до хотелот „Холидеј ин“. Од хотелот ќе свртува лево, кон Градската болница, покрај Олимпискиот базен за кај Народната банка повторно да се приклучи на трасата и да заврши на почетната станица кај Ново Лисиче.

Кон крајот на октомври, Град Скопје потпиша договор со групација составена од две италијански и по една македонска и бугарска фирма, кои во наредните седум месеци фазно ќе го изработуваат проектот за првата трамвајска траса во Скопје, од Ново Лисиче до центарот на градот и назад.

Компаниите „Боно Џанкарло“ и „Аксиома дизајн“ од италијанскиот град Леко, „Проџект билдинг оф транспорт системс“ од Софија и скопската фирма „Мак 2000“ паралелно со изработката на проектот за депото, работат и на проект за изградба на првиот дел од пругата, долга три километра.

По изработката на проектите за депо и за првите неколку километри од трамвајската мрежа, ќе се работи проектот за другите девет километра.

Градот Скопје за изработката на целиот проект одвои 471 илјада евра од својот буџет.

**За проектот трамвај - 500 милиони денари**

Град Скопје предвиде 500 милиони денари во Буџетот за 2009 година за изградба на трамвајското депо и 600.000 евра за адаптација на дел од булеварот„ Видое Смилевски-Бато“, која е неопходна за изградба на првите километри од трамвајската мрежа.

Освен овие средства, Скопје ќе се обиде да обезбеди и 600 милиони денари кредит од европските фондови со цел набавка на трамваи и изградба на првите три километра од трамвајската мрежа.

Депото кај Ново Лисиче ќе има капацитет да собере 40 трамвајски возила и шест трамвај-возови. Во рамките на депото ќе има и посебен дел за административни простории, за сервис, за чистење, како и трафостаница. Депото ќе се простира на површина од 10 илјади квадратни метри.

- Изградбата на депото со целосната опрема и придружните простории ќе чини од 12 до 15 милиона евра. Проектот ќе отвори можност депото да се гради фазно, односно да се надградува онака како што ќе се зголемува бројот на трамвајските возила. Град Скопје во Буџетот за наредната година предвиде 500 милиони денари за изградба на депо со гаража, која ќе има капацитет за помал број возила, бидејќи во почетокот нема да има потреба од толкав објект,се предвидува да се користат само пет возила. Потоа депото ќе може да се надградува како што ќе се шири мрежата. Мораме рационално да ги распоредиме парите за што побрзо да добиеме трамвајски превоз - вели градоначалникот Костовски.

Изградбата на објектот се планира да почне во првите три месеци од 2009 година. Потоа ќе се прави и дел од пругата, а кога ќе се создадат можности ќе се донесе и промотивно трамвајско возило. Според очекувањата, трамвајскиот превоз ќе може да се користи од почетокот на 2010 година.



Трамвајска траса - Диспозиција

## ЕВРОПА ВЛОЖУВА ОГРОМНИ СРЕДСТВА ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИ

Железницата како систем за јавен превоз на патници доживува огромен подем во европските земји. Големи средства од европските фондови се инвестираат токму во изградбата на вакви системи, од трамвај до брза железница. Трамвајот, како средство за јавен превоз на патници, во споредба со автобусот, е многу поекономичен. Стандарден трамвај со должина од 32 метра има капацитет од 220 до 300 патника, додека еден зглобен автобус има капацитет од 160 патника. Во споредба со соло автобусите, трамвајот може да собере трипати повеќе патници.

Италијанските компании „Боно Цанкарло“ и „Аксиома дизајн“, кои се дел од групацијата која ќе го работи проектот за првата трамвајска траса во Скопје, го проектирале трамвајскиот сообраќај во многу градови во својата земја, меѓу кои Милано, Палермо, Бреша, Падова и Бергамо, а изработиле и проект за дел од подземната железница во Рим. Директорот и сопственик на „Аксиома дизајн“ Дарио Комини најави дека во скопскиот проект ќе го употребат сето искуство што го собирале во минатите години и дека тој ќе биде најсовремениот што досега го изработиле.

Град Скопје го ангажираше германскиот правен консултант Франк Веиндорф, кој треба да помогне да се добијат пари од европските фондови за да се изгради трамвајската мрежа. Според него, најважно е проектот со кој се аплицира за добивање средства да биде прилагоден и обликуван во согласност со стандардите на Европската унија и на програмите на фондовите.



Линија за одржување на електрични контакти во депото во Нирнберг

## ХРОНОЛОГИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ТРАМВАЈ ВО СКОПЈЕ

Градот Скопје и градоначалникот Трифун Костовски во изминатите три години интензивно работеа на подобрување на јавниот градски превоз, како и на воведување алтернативен транспорт.

Во јули минатата година Градот склучи договор со фирмата „Мак 2000“ за изработка на физибилити студија за шинскиот сообраќај во Скопје, која требаше да ги прецизира можните траси за трамвајот, како и економската оправданост од негово воведување. Градската администрација обезбеди и стабилна финансиска позиција, која значајно ќе влијае на кредитниот рејтинг, кој заедно со квалитетниот проект претставуваат главен адут за презентација и аплицирање за средства за изградба на трамвајската линија од европските фондови.

Со физибилити студијата се предвидуваат четири трамвајски траси во Скопје. Првата ќе се протега од мостот кај Сарај до Ново Лисиче, втората ќе се движи по Јужен булевар и преку поврзување со железничката пруга ќе се направи кружен прстен околу градот.

Третата траса ќе ги поврзува населбата Кисела Вода со булевар „Босна и Херцеговина“ во Бутел, а четвртата ќе се движи по булеварот „Партизански одреди“ и ќе стигне до населбата Ченто.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОСТОВСКИ ГО ПОСЕТИ РЕГИОНАЛНИОТ КОНЗОРЦИУМ ВО МАДРИД

Градоначалникот Трифун Костовски, во рамките на својот дводневен работен престој во Кралството Шпанија, го посети Регионалниот конзорциум во Мадрид, каде што имаше можност да се запознае со системот за управување и контрола на метрото, лесната железница, трамвајот и приватниот и градскиот автобуски превоз.

Конзорциумот е основан во 1985 година, а започнал да функционира како резултат на потребата од координирање на услугите на јавните и приватните претпријатија, со цел зголемување на квалитетот на услугите на јавниот сервис. Овој Конзорциум има активности во 176 општини, кои му припаѓаат на Регионот Мадрид, во кој живеат околу шест милиони жители. Мадридското метро е во надлежност на општината Мадрид и на Регионот Мадрид, градските автобуси се во надлежност на општината Мадрид, а железничкиот превоз е во надлежност на националната влада.

Делегацијата од Скопје, предводена од градоначалникот Костовски, имаше можност да го посети јавното претпријатие „Метро де Мадрид“, каде што беше презентиран начинот на кој функционира метрото во шпанската престолнина, кое е изградено во 1919 година. Мадридското метро е во постојан развој и модернизација, во согласност со економскиот подем на Мадрид и на регионот. Надлежноста над мадридското метро е поделена меѓу општинските и регионалните власти (75% е во надлежност на Мадридскиот совет и 35 % во надлежност на Регионот).

Метрото, како најбрз јавен транспорт, го користат 76 % од жителите во регионот и покрива мрежа од 284 километри. Метрото го поврзува Мадрид со останатите општини во регионот, а успехот во функционирањето на метрото е резултат на одличната поврзаност на метро-станиците со автобуските и железничките станици, постојаната поддршка што ова претпријатие ја има од националната влада и одличниот менаџерски тим.

Делегацијата на Град Скопје го посети и центарот за управување со железничкиот превоз (метро и трамвај) во Мадрид. Се работи за најмодерна градба која се наоѓа два ката под земја и која го контролира целиот железнички подземен и надземен систем.

За време на престојот во шпанскиот град Сарагоса, делегацијата на Скопје ја посети фабриката ЦАФ која е меѓународна компанија за дизајн, производство и одржување на вагони и компоненти од железнички систем. Оваа фабрика произведува вагони за сите видови шински возила, од трамваи до супербрзи возови кои се движат со над 300 километри на час.

Градската делегација имала можност да го погледне најновиот трамвај кој е изработен од фабриката, а кој се движи на електрични батерии. Врз основа на воспоставените контакти со Советот на општината Мадрид и со претпријатијата за јавен превоз, Град Скопје очекува набргу да се оствари соработка во областа на јавниот превоз.

Претставници на фирмата ИДОМ и СИЦЕ, проектанти и надзори на изградбата на метрото и лесната железница/трамвај во Мадрид, наскоро ќе дојдат во Скопје за да извршат ревизија на проектот за скопскиот трамвај, а и за да ги разгледаат можностите за финансирање на изградбата на трамвајската мрежа.

А.Џ.



Предлог- Буџет на Град Скопје за 2009 година

# ПАРИТЕ ОД ГРАЃАНИТЕ - ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

**Љупчо Пандиловски**

Градоначалникот Трифун Костовски до Советот на Град Скопје го достави Предлог- Буџетот на Градот за 2009 година. Градските приходи за наредната година се предвидува да изнесуваат околу 3,172 милијарди денари, односно околу 50 милиони евра, во основниот буџет, од кои 62,9 проценти се предвидени за капитални инвестиции. Тоа значи дека Буџетот и идната година ја задржува карактеристиката од претходните три, а тоа е доминантниот дел од средствата да се вложат за капитални инвестиции, односно за проекти со кои Градот долгорочно решава проблеми во областа на сообраќајот, комуналните дејности, планирањето и уредувањето на просторот, заштитата на животната средина, но и за сигурно и континуирано финансирање на културата, образованието, социјалата и забавно-рекреативните содржини.

Средствата во Предлог –Буџетот во делот на капиталните инвестиции се распоредени во следните ставки:

**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И МОСТОВИ - 526.000.000 ДЕНАРИ**

Проекти за улици - 28.000.000 денари

Изградба на улици - 174.000.000 денари

Доизградба на булеварот „Видое Смилевски-Бато“, на улицата „Волково“, изградба на тротоари, на булеварот „Србија“ - трета фаза, на булеварот „Македонска војска“ - прва и втора фаза и на булеварот„ Митрополит Теодосиј Гологанов“ - прва фаза.

**РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ - 270.000.000 ДЕНАРИ**

Проширување на улицата „Првомајска“, реконструкција на крстосници и автобуски стојалишта, булевар „Илинден“, клучка „Бит-пазар“, плоштад ,кеј„ Димитар Влахов“ и партерно уредување, булевар„ Гоце Делчев“, крстосница кај Тутунски комбинат

Изградба на мостови - 2.000.000 денари

Проекти за мостови - 2.000.000 денари

**ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ, ТРАМВАЈ - 441.900.000 ДЕНАРИ**

**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ- 60.000.000 ДЕНАРИ**

**ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА - 65.000.000 ДЕНАРИ**

-Изградба на бетонски жардиниери на магистрални улици, набавка на клупи и корпи за отпадоци, заштитни столпчиња на зеленилото и набавка на контејнери.

**ПОСТАВУВАЊЕ СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА - 138.558.815 ДЕНАРИ**

-Центар за управување и контрола на сообраќајот, набавка и поставување знаци, набавка на лед-лантерни, градежни работи на семафоризација, набавка на надолжни пречки за автобуски ленти, камери и софтвер, набавка на опрема и софтвер смарт-тикетинг и АВЛ.

**ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - 171.250.000 ДЕНАРИ**

- Реконструкција на Градскиот парк (дел 1 и 2) 55.350.000 денари, подигање на јавно зеленило на магистрални улици и реконструкција на градско зеленило, проект - цветни знамиња, хортикултурен проект - Аквадукт, хортикултурен проект- нов театар, висечки жардиниери на канделабрите, изградба на плато пред споменикот Гоце Делчев, набавка на возила и машини за одржување на зеленилото и доделување садници на граѓани.

**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА -53.954.685 ДЕНАРИ**

- Регулација на реката Вардар кај изворот Рашче, уредување на спомени к на природата кањон Матка, реализација на виа ферата -изградба на патека за екстремно планинарење на Матка, уредување на пештерата Дона Дука во Сарај, уредување на заштитен локалитет Гази Баба, уредување и заштита на парк-шумата Водно, замена на азбестно-цементни плочи.

**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА - 94.000.000 ДЕНАРИ**

-Проекти за реконструкција на културните установи, реконструкција на ДКЦ, реконструкција на МКЦ, на Салон 19,19 во КИЦ и на Музејот на Град Скопје, доизградба на Зоолошката градина со трансфери од Владата и изградба и реконструкција на Зоолошка градина.

**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ - 20.000.000 ДЕНАРИ**

-Уредување на левата и десната страна на Вардар, довршување на стационарот за кучиња, набавка на возило за службата за кучиња скитници, набавка на опрема за заловување кучиња.

**СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА - 27.000.000 ДЕНАРИ**

-Изградба на ролерски и велосипедски патеки на кејот на реката Вардар.

**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ - 7.753.000 ДЕНАРИ**

-Проект за реконструкција на СУГС „Браќа Миладиновци“ и „Кочо Рацин“, поставување рампи за лица со посебни потреби во средните училишта и купување тајмери за заштеда на електрична енергија во средните училишта.

**ВОВЕДУВАЊЕ ГЕОГРАФСКО-ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ (ГИС)- 5.000.000 ДЕНАРИ**

-Остатокот од средствата во најголем дел, околу 800 милиони денари, повторно се распределени за извршување на надлежности од јавен интерес и одржување на комуналните објекти и инфраструктурата. Остатокот од предвидените средства во износ малку поголем од 12 % е за трошоци на градската администрација.

Овој Предлог-Буџет, покрај инвестиционата компонента, за првпат во историјата на Град Скопје, има и развојна компонента, затоа што проектите како скопскиот трамвај, ГИС, системот за отпадни води во Аеродром, реконструкцијата на патната мрежа, заштитата на Рашче, воведувањето на центар за контрола и управување со сообраќајот и реконструкцијата на Градски парк се долгорочни инвестиции, кои покрај големите расходи имаат и функција на реален развој на градските ресурси.

Целта на развојниот дел е да ги прикаже плановите за развој, кои по својот карактер се повеќегодишни и придонесуваат за интензивирање на економскиот развој на Град Скопје. Вкупно планираните средства за развојни програми во Предлог- Буџетот изнесува 1.877.830.000 денари.

**Буџетски дотации**

Покрај основниот дел, Буџетот на Град Скопје го сочинуваат и дотациите добиени директно од Буџетот на Р. Македонија. Дотациите добиени од централната власт се наменски и со нив се финансираат надлежностите добиени со процесот на децентрализацијата од областа на образованието, културата и противпожарната заштита. Од вкупно 1.057.224.000 денари, 85 % се средства за плати и наемнини на вработените во овие сфери, а остатокот е за покривање на трошоците за работа. Програмските активности, модернизацијата и дел од инфраструктурните зафати на објектите се финансираат од основниот буџет на Град Скопје.

Што печатат другите?

# АКО ГО УКИНЕ МАЛ РИНГ, УСТАВЕН СУД ЌЕ ЈА ИЗБРИШЕ И СВОЈАТА ЗГРАДА



Пренесено
Нова Македонија,
12.12.2008 година
Автор: Александра Денковска

Деталниот урбанистички план на општината Центар за Малиот ринг, за кој Уставниот суд води постапка за оценување на неговата законитост, предвидува изградба на објект во кој ќе се смести самиот суд. Тој треба да се направи на левата страна од реката Вардар до Камениот мост, на просторот пред хотелот „Стоун бриџ“ и дирекцијата на Комерцијална банка.

Од судот еднаш го одложија одлучувањето за овој план бидејќи им беше потребно да ги доиспитаат законите. Оттаму тврдат дека и покрај тоа што е во нивен интерес планот да помине, тоа немало да влијае врз конечната одлука. Претставката ја поднесе градоначалникот Трифун Костовски, кој тврди дека планот ги прекршува законите за градот Скопје и за просторно и урбанистичко планирање, како и Генералниот урбанистички план за градот.

## ОБЈЕКТ ВО АНТИЧКИ СТИЛ

Според најавите, зградата на Уставниот суд треба да биде изградена во антички стил, со високи столбови и со куполи. Таа ќе има осум ката и површина од околу 12 илјади квадратни метри. Од нив, десет илјади ќе бидат административен дел, каде што ќе се сместат судот и Државниот архив, 700 квадрати галериски простор, а 2.100 квадрати ќе служат за паркирање.

Од службата за општи и заеднички работи на Владата, најавуваат дека наредната година треба да се обезбедат пари за изградба на објектот и затоа ја почнале процедурата за добивање градежна дозвола, односно побарале да им се пресметаат комуналиите и ако има можност да бидат ослободени од нивното плаќање. Градоначалникот Костовски пред три дена нагласи дека општината Центар врши притисок да се пресмета сумата за комуналиите, но тој нема намера да им наложи на своите служби да го сторат тоа се додека не се усвои конечната одлука на судот за целиот план. Според него, зградата што треба да се гради на левиот брег на Вардар ги нема сите потребни услови за да добие одобрение и се коси со генералниот урбанистички план, затоа што ја надминува пропишаната височина од 21 метар и не е оддалечена барем 30 метри од самото корито на реката.

## ИНТЕРЕСИТЕ НА СУДОТ МОРА ДА СЕ ОСТВАРАТ

Југослав Миленковиќ, портпарол на Уставниот суд, вели дека оваа институција не се раководи од своите интереси, туку пред сè се гледаат уставноста и исправноста на донесените решенија. Според него, целосно е исклучена варијантата да се прогласи планот за Малиот ринг за законски само за да се изгради нивната зграда.

- Интересите на Уставниот суд мора да се остварат. Ако тоа не се направи со овој план, ќе се изврши со некој друг. Но, ние не сме институција што се води од сопствените интереси. Уставниот суд одлучува дали некоја одлука е усвоена според пропишаните правила, а не колку таа ни одговара на нас - објаснува Миленковиќ.

Европски практики

# Кон нова култура за урбана мобилност

„Кон нова култура за урбана мобилност“ е насловот на Зелената книга на Европската комисија (ЕК) посветена на урбаниот транспорт. Документот е усвоен на 25 септември 2007 година и отвора дебата за клучните теми за урбана мобилност: како да се подобри квалитетот на колективниот транспорт, како да се зголеми користењето чисти и енергетски ефикасни технологии, како може да бидат промовирани пешачењето и велосипедизмот и како да бидат заштитени правата на учесниците во колективниот транспорт.

Сообраќајниот метеж во градовите во Европа е еден од главните проблеми кој предизвикува негативни економски, социјални и еколошки влијанија. Низ Европските градови, зголемениот сообраќај води кон перманентен застој. Искуството покажува дека не постои поединечно решение за намалување на сообраќајниот метеж.

Целите на Европската транспортна политика не можат да бидат постигнати без придонес од урбаниот транспорт. Од тие причини, урбаниот транспорт се најде на Европската агенда и беше отворено ново поглавје во Европската транспортна политика. Големата дебата покрената од ЕУ во однос на ова прашање резултираше во конкретни предлози опфатени во документот „Зелена книга за урбана мобилност“. Книгата ги адресира главните предизвици поврзани со урбаната мобилност во 5 главни теми: слободен проток на сообраќајот во градовите, „позелени“ градови, „порационален“ урбан транспорт, достапен, сигурен и безбеден урбан транспорт за сите европски граѓани. Во документот се истакнува дека за користењето и одржувањето на урбаните транспортни мрежи односно за оперативните трошоци се потребни големи финансиски средства, кои вклучуваат и инвестиции во инфраструктурата, интермодални терминали и обновување на возниот парк. За успешно финансирање на проектите од областа на урбаниот транспорт потребна е комбинација од буџетски, регулаторни и финансиски инструменти, вклучувајќи специфични локални даноци и приватно финансирање.

Наскоро, Комисијата овој документ треба да го операционализира со акционен план. Долгорочно, поддршката од ЕУ за финансирање на активностите за чист урбан транспорт ќе се зголемува.

НАДЛЕЖНОСТИ

# КОЈ ЗА ШТО Е ОДГОВОРЕН ВО КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ (1 ДЕЛ)

*Граѓаните на Скопје честопати имаат проблеми со разграничувањето на градските и на општинските надлежности, при што не можат точно да ги детектираат органите што треба да им ги решат проблемите. Редакцијата на „СКОПЈЕ“, со цел да им помогне на граѓаните, во продолженија, компаративно, ќе ги објавува надлежностите на своите страници.*

## ОПШТИНИ

- изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисните и станбените улици и други инфраструктурни објекти

- одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици

-изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината

-одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици

## ГРАД СКОПЈЕ

-изградба, користење, заштита и одржување на магистрални и собирни улици и други инфраструктурни објекти

- категоризација и именување на градски населби, улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

-изградба и одржување на јавното осветлување на магистралните и собирните улици на подрачјето на градот Скопје

- одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини

-одржување на зеленилото на магистралните и собирните улици

-поставување, замена, отстранување и одржување на сообраќајните знаци и заштитната опрема на локалните патишта и улици.

-утврдување услови и режим на сообраќајот на подрачјето на градот Скопје.

## МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Булевари:

АСНОМ, Србија, Никола Карев, Гоце Делчев, Македонија, Кочо Рацин, Крсте Мисирков, Свети Климент Охридски, Илинден, 8-ми Септември, Македонска војска, Александар Македонски, Војводина, Македонско-косовска бригада, Хрватска, Словенија, Пролетна офанзива, Крушевска република, Цветан Димов, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Христијан Тодоровски Карпош, Водњанска, Јане Сандански, 3 Македонска бригада, 12 Македонска бригада, Видое Смилевски -Бато, Февруарски поход, Партизански одреди, Кузман Јосифовски- Питу и ВМРО.

Улици:

Методија Андонов- Ченто, Сарај, 15 Корпус, Огњан Прица (Антон Попов), Фрањо Клуз, Никола Карев (кај Новата железничка станица), Димо Хаџи Димов, Бихаќска, Востаничка, Христо Татарчев, Народни херои, Првомајска, Самоилова, Лазар Личеноски, Димитрија Чуповски, Мито Хаџивасилев-Јасмин, 11 Октомври, Железничка, Народен Фронт, Салвадор Аљенде, Загребска, Коце Металец, 16 Македонска бригада, Димитар Влахов, Благоја Стефковски, Маџари, Шуто Оризари, Џон Кенеди, 2 Македонска бригада, Ферид Бајрам, Кемал Сејфула, Александар Урдаревски, Бутелска, Радишанска, Франклин Рузвелт, Скупи, Никола Парапунов, Московска, Јуриј Гагарин, Козле, Перо Наков, Брадфордска, Ѓорче Петров, Лука Геров, Михаил Чаков, Васко Карангелевски, Прохор Пчински, Серава, Лазар Трповски, Митрополит Теодосиј Гологанов, Маршал Тито, Даме Груев, Војвода Васил Аџиларски, Стив Наумов, Беласица, Васил Главинов, Ацо Шопов, Белградска, Интернационални бригади, Боца Иванова, Алексо Демниевски, 4 Јули, Сремски фронт, Лепенец, Тиранска, Борис Кидрич, Адолф Цибровски, Марко Орешковиќ, Цетинска, Катлановска, Бардовци, Индустриска 1, Индустриска 2, Димитар Митрев, 897, Свети Прохор Пчински, Романија, Јужна обиколница Водно, Љубљанска, Инџиковски пат (дел од улицата С. Михајлов), Веле Марков, Железарска, Пере Тошев, Волково и Кружна Гази Баба.

## ИЗГРАДЕНИ 18 ПРИСТАПНИ РАМПИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Осумнаесет пристапни рампи годинава изгради Град Скопје во 12 средни училишта во рамките на активностите за создавање услови за вклучување на лицата со посебни потреби во воспитно-образовниот процес. Пристапни рампи се поставени во училиштата: „Никола Карев“, „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Јосип Броз-Тито“, „Орце Николов“, „Кочо Рацин“, „Георги Димитров“, „Васил Антевски-Дрен“, „Владо Тасевски“, „Браќа Миладиновци“, „Цветан Димов“, „Михајло Пупин“ и во „Арсени Јовков“.

Еден од главните приоритети на Град Скопје изминатите три години беше да оствари социјална грижа на лицата со хендикеп, да го подобри квалитетот на нивното живеење и да им создаде услови за независен живот. Веќе трета година се организира превоз со нископоден автобус за студентите и младинците со хендикеп од местото на живеење до факултетите во Скопје каде што студираат и до нивните домови. Во текот на годинава што изминува Градот даде финансиска поддршка на Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост над 18 години – „ПОРАКА“, со цел да се обезбеди негово континуирано функционирање, социјализација и интеграција на лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој во местото на живеење.

За реализација на овие проекти, од Буџетот на Град Скопје во 2008 година беа издвоени 24 милиони денари. Е.К.



Рампа пред гимназијата „Јосип Броз Тито“

Иницијатива

# СПОМЕНИК НА ТОШЕ НА ПЛОШТАДОТ

Градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски покренува иницијатива за градење споменик – фонтана на Плоштадот Македонија, во чиј средишен дел би доминирала фигурата на македонската поп ѕвезда Тоше Проески.

Споменик – фонтаната треба да наликува на познатата римска фонтана Ди Треви, а да симболизира - љубов, младост, чесност и верба, односно сите оние атрибути кои го красеа ликот на Проески.

Сметаме дека изградбата на еден ваков споменик кој би бил лоциран на централниот плоштад е во согласност со размислувањата на граѓаните кои сами го избраа ова место при оддавањето почит на прерано почината македонска поп- икона.

По повод оваа иницијатива Градоначалникот Костовски ја поканува Владата на Р. Македонија на разговори, а истовремено ги повикува и граѓаните на град Скопје да дадат поддршка за оваа иницијатива со тоа што ќе можат сопствените ставови да ги изнесат по пат на анкета која ќе биде поставена на веб страницата на Град Скопје (www. skopje.gov. mk), а истото можат да го сторат и со јавување на граѓанската линија 3297-255 или со писмен допис до Град Скопје, Булевар Илинден ББ.




# НОВИ МАШИНИ ЗА ПОУБАВИ ГРАДСКИ УЛИЦИ

Јавното претпријатие „Улици и патишта“ минатата недела доби нови машини кои во голема мера ќе го олеснат одржувањето на градските улици.

Градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски заедно со претседателката на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, на големо задоволство на вработените во ЈП „Улици и патишта“ им врачија модерен ровокопач, машина за гребење асфалт, обележувач за улици и патишта, вибрационен ваљак и финишер за асфалтирање.

За опремата, која е дадена на времено користење, Град Скопје одвои 22 милиони денари.

Со одлука на Советот, Град Скопје спроведе постапка и набави шест нови градежни машини со кои јавното претпријатие ќе може непречено да реализира проекти за реконструкција на градските улици.

## „Митал стил“ помогна во чистењето на паркот

По повод Денот на волонтирањето, на 5 декември годинава екипи на јавните претпријатија „Комунална хигиена“ и „Паркови и зеленило“ заедно со работници од „Митал стил“ спроведоа голема акција за чистење на Градскиот парк и на кејот на Вардар. Работниците од двете јавни претпријатија и педесетина работници од „Митал стил“ го чистеа потегот од зградата на Владата до Градскиот парк, по кејот на реката Вардар. Градоначалникот Трифун Костовски ја поддржа акцијата за чистење и ги повика и другите еколошко свесни компании да се вклучат во ваквите иницијативи.

## Благодарница од „ПОРАКА“ за Град Скопје

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА“ по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, му додели благодарница на Град Скопје, како признание за поддршката во обезбедувањето континуитет во работата на Дневниот центар „ПОРАКА“. Град Скопје и во 2009 година ќе продолжи со поддршката за активностите на дневниот центар.

## Тендер за корпи за отпадоци

Во Град Скопје во тек е постапка за избор на најповолен понудувач за поставување 300 корпи за отпадоци. По завршувањето на постапката и по набавката на корпите, тие ќе се постават на магистралните и на собирните улици во градот, како и во Градскиот парк.

## Повластен превоз за лицата со посебни потреби

За да го олесни извршувањето на секојдневните обврски на лицата со посебни потреби, Градот Скопје изминатите години реализира Програма за повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на Скопје, од страна на лицата со специфични потреби. Корисници на легитимациите за повластен јавен автобуски превоз се лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесно оштетување, лица со интелектуална попреченост, бубрежно болни лица, како и инвалиди на трудот, инвалидски пензионери и воени инвалиди организирани во соодветните здруженија на граѓани на подрачјето на град Скопје.

## Костовски: Водата рационално да се користи

Со свечената манифестација која се одржа во Младинскиот културен центар заврши успешната кампања „H2O – извор на животот“ што во изминатите шест месеци се спроведуваше во 7 општини на подрачјето на Скопје. Во кампањата за штедење на водата се одржаа 7 работилници на кои се дискутираше за значењето на водата. Проектот кој го организираше невладината организација „Едуко Плус“, целосно беше спонзорирана од ЈП „Водовод и канализација“ и поддржана од Град Скопје.

- Правилното користење на водата е императив со кој во иднина се повеќе ќе се соочуваме и затоа сметам дека оваа кампања е повеќе од потребна. Скопје е еден од ретките градови во светот кој ја има привилегијата да има извор на вода за пиење во непосредна близина, но дека глобалното затоплување и климатските промени го издигнуваат прашањето за рационално користење на водата на највисоко ниво – нагласи градоначалникот Трифун Костовски, кој ја поздрави оваа кампања.

## Бадникарите набраа гранчиња кај Краста

Скопските бадникари предводени од годинешните кумови, групата „Синтезис“, минатиот викенд во голем број се собраа на местото Краста на јужните падини на Водно да ги наберат бадниковите гранчиња. Традиционалното одбележување на Бадник почна во весела атмосфера и со блех музика. На традиционалното сечење бадникови гранчиња, меѓу другите присуствуваа годинешниот здравичар, писателот Венко Андоновски и градоначалникот Трифун Костовски.



# МАКЕДОНСКАТА ПАСТРМКА ЌЕ ПЛИВА ВО ВОДИТЕ НА МАТКА

Град Скопје и Македонската риболовна федерација потпишаа Меморандум за поддршка и реализација на проектот за заштита, ревитализација и реинтродукција на македонската пастрмка Salmo macedonikus (Karaman 1924) во водите на Република Македонија. Целта на проектот е заштита и зачувување на ендемичниот вид пастрмка кој живее во водите на Кањонот Матка, како еден од значајните компоненти на биолошката разновидност, а исто така и збогатување на туристичката понуда, развој на рекреативниот и спортскиот риболов.

Реализацијата на проектот ќе биде финансирана од Град Скопје (100.000 денари), Глобалниот еколошки фонд (299.710 денари), Институтот за сточарство - Одделение за рибарство (86.000 денари) и Македонската риболовна федерација (135.000 денари).

Македонската пастрмка Salmo macedonikus е автохтон и ендемичен вид риба, дел од богатата биолошка разновидност на нашата земја. Се наоѓа на црвената листа на IUCN и за неа се уште има малку достапни податоци. Во моментов македонската пастрмка е застапена само во водите на Беличка и Мала Река (притоки на Треска).

Со спроведувањето на проектот, кој ќе се реализира на иницијатива на Одделението за туризам на Град Скопје, ќе се произведе подмладок на македонска пастрмка за порибување на Мала Река, Беличка Река, на реката Треска и акумулациите Козјак, Матка и Света Петка. А.Џ.



# ОБНОВЕНИ ОШТЕТЕНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ

Град Скопје ги обнови оштетените информативни табли “Сигналитика” кои се поставени на повеќе локации во градот, а содржат значајни информации за културно-историските споменици во Скопје.

Овие табли се дел од француско-македонски проект, воден од страна на стручни лица од Македонија и од францускиот град Ангулем. Град Скопје минатата година изврши увид во состојбата на таблите, при што констатираше дека поголемиот дел од нив се потполно уништени од страна на несовесни граѓани. Донесена е одлука дека е потребна итна санација, репарација и реадаптација на 18 сигналитика табли.

Овие табли се поставени на атрактивни локации во централното градско подрачје и истите служат како туристички водичи кои ја раскажуваат историјата на населувањето на Скопје и ги прикажуваат урбанистичките целини и моменти од историјата на градот. Тие содржат информации за старите маала, Офицерскиот дом, старите мостови и други објекти кои се урнати и можат да се најдат како фотозаписи во архивите и музејските поставки.

Таблите, кои ги има во форма на информативни пултови, плочи и јарболи, се поставени на плоштадот „Македонија“, од двете страни на кејот на реката Вардар, на мостот Гоце Делчев, улица Македонија, скопското Кале и Старата скопска чаршија.

Град Скопје апелира до граѓаните да престанат да ги оштетуваат информативните табли бидејќи истите не само што му даваат посебен естетски белег на градот, туку претставуваат и значајни туристички информатори. А.Џ.

Трибини

# „УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И МЕСТОТО НА ГРАД СКОПЈЕ ВО СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА“

Во организација на Архитектонскиот факултет, деновиве, се одржа трибина на тема „Урбанистичкото планирање и местото на Град Скопје во локалната самоуправа“. Трибината ја отвори деканот на Архитектонскиот факултет, Влатко Коробар, а во расправата учествуваа реномирани професори од областа на архитектурата и урбанизмот, кои од научен аспект ги елаборираа проблемите со кои Градот Скопје се соочува во сферата на урбанистичкото планирање, како и проблемите на релација, централна власт – локална самоуправа.

Градоначалникот Костовски на почетокот од трибината повторно ја нагласи потребата од неопходна реформа во поставеноста и функционирањето на главниот град.

-Можам да кажам илјада причини зошто на Скопје не му одговара ваквата територијала организација, ниту една дека одговара, освен политичка- изјави Костовски.

Професорот Мирослав Грчев оцени дека локалната самоуправа не може да функционира со постоечките закони, бидејќи локалната самоуправа нема ниту имот, ниту вистински надлежности.

-Локалната самоуправа е инвалид, зависна од политичката волја на централната власт- истакна Грчев. Во тој контекст, тој нагласи дека Градот мора да ја поседува и да управува со градската инфраструктура.

На трибината беа презентирани и заклучоците од научниот проект „Улогата и ингеренциите на централната и локалната власт во системот на урбаното планирање“ во делот за град Скопје. Заклучоците укажуваат дека целиот плански опфат на Генералниот урбанистички план за Скопје не е разработен со детални урбанистички планови, како и дека општините во рамките на Скопје не посветуваат доволно внимание на урбаното планирање од аспект на буџетите за урбано планирање, развиеноста и екипираноста на секторите за урбано планирање, немање надлежни тела за реализација на плановите, недоволен број урбани инспектори и извршени увиди, како и немање заеднички тела меѓу општините за соработка во оваа област.

Трибината се осврна на два аспекта, организациониот модел на градот и начинот на кој тој се одразува во сферата на урбанистичкото планирање, како едно од основните надлежности на локалната самоуправа. На трибината беше оценето дека сегашната територијална организација е несоодветна и надмината за Скопје. Од тие причини, Градоначалникот Костовски иницира донесување нов Закон за Град Скопје во кој ќе бидат утврдени границите и ќе бидат детерминирани приходите на градот. Со новиот закон Скопје би требало да биде организирано како град со една општина и квартови, дистрикти или месни заедници кои ќе бидат под јурисдикција на градот, со тоа ќе се избегне дуплирање на надлежности и блокирање на проектите.

Т.С.




„Скопје – Одржлив град“ е насловот на трибината организирана од Град Скопје и Форумот на НВО на Градот Скопје, што се одржа во Музејот на Град Скопје. На трибината експерти од областа на урбанизмот, екологијата и транспортот говореа за можностите на одржлив развој на Градот Скопје. Професорот од Архитектонски факултет, Тихомир Стојков говореше за перспективите на одржливиот развој на Град Скопје. Менка Спировска од Друштвото за еколошки консалтинг „ДЕКОНС ЕМА“ презентираше примери за одржливи градови. Претставничката од Министерството за животна средина и просторно планирање, Лиле Рискова информираше за преземените активности во просторниот план за регионот Скопје. Претставникот од „ИМПУМА“, Стефан Калајџиски одржа интересна презентација на тема „Нови концепти во одржлив урбан транспорт“. По излагањата на експертите се отвори дискусија за можностите на одржлив развој на градот Скопје, притоа беше констатирано дека Скопје има предуслови да прерасне во одржлив град.

Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“

# ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ЈАВЕН ПРЕВОЗ НЕОПХОДНА Е ПОГОЛЕМА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА

Елена Кузмановска

Застарениот возен парк, нереалниот финансиски долг кон државата кој датира уште од 1997 година и сивата економија се само дел од проблемите со кои со години наназад се соочува Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“. За нормално функционирање на јавното претпријатие и за унапредување на градскиот превоз на патници потребна е поддршка од државата, според примерот на сите европски градови, нагласува Александар Бошковиќ, директор на ЈСП.

- Годинава за прв пат по 60 години постоење на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“ добивме субвенции од Град Скопје во вредност од 140 милиони денари. Таа иницијатива на градоначалникот Трифун Костовски, која ја поддржа и Советот, е за поздравување. Ние сме единственото јавно претпријатие кое што се самофинансира. Во сите европски градови градскиот јавен превоз е субвенциониран и од градските власти и од државата. Сметам дека е од исклучително значење тоа да се воведе и кај нас - објаснува Бошковиќ.

Тој нагласува дека е за поздравување идејата на Градот за воведување жолти ленти на улиците и булеварите по кои сообраќаат автобусите на ЈСП за да се олесни нивното движење, како и воведувањето смарт-тикетинг и автоматска алокација на возилата.

- Од големо значење е и решавањето на проблемите со автобуските стојалишта кои мора да се уредат со урбана опрема и стреи, како и со прецизни информатори за возниот ред на автобусите - додава Бошковиќ.

Градоначалникот Трифун Костовски од почетокот на својот мандат поведе повеќе иницијативи за модернизација и обновување на возниот парк на ЈСП „Скопје“. Кон крајот на 2005 година Град Скопје беше вклучен во ОРЕТ програмата на Министерството за надворешни работи на Холандија. Со програмата беше предвидено да му се помогне на ЈСП со поволна кредитна линија да набави 100 нови автобуси од марката TAF. Холандската Влада обезбедуваше и 35 отсто попуст за кредитниот аранжман, што значи дека кредитното задолжување за ЈСП ќе беше околу 65 отсто од вкупната вредност на новонабавените автобуси. Град Скопје беше подготвен да биде гарант на кредитот. Втората иницијатива, градоначалникот Костовски ја покрена во втората половина на 2006 година со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД). Иницијативата беше крунисана со потпишување Мандатно писмо за проект за градски сообраќај во Скопје. Освен обновувањето на возниот парк на ЈСП, беше предвидено и финансирање на програма за корпоративен развој на јавното претпријатие, имплементирање на стратегија за јавен транспорт во Скопје, како и согледување на потребите за подобрување на регулативата за јавниот превоз. Со овој проект ЕБРД требаше да одобри заем од 12 милиони евра за набавка на 100 соло нископодни автобуси со класа мотори ЕУРО 4. Ресорното министерство ги одби и двете барања.

Во декември 2007 година, Владата донесе одлука на ЈСП да му донира 4,4 милиони евра за набавка на 45 до 50 нови автобуси. Во согласност со оваа одлука, беше формирана комисија за спроведување на јавната набавка на автобусите. Управниот одбор на ЈСП на 11 јуни годинава донесе одлука за јавна набавка на 50 автобуси за јавен градски превоз на патници. Одлуката на УО, се однесуваше на 45 нископодни новопроизведени соло автобуси, класа мотори минимум ЕУРО 4, четири двокатни употребувани соло автобуси, со класа на мотор минимум ЕРУРО 3 и еден употребуван соло автобус двокатен панорамски (без покрив на горниот кат) со класа на мотор минимум ЕУРО3. Врз основа на оваа одлука ЈСП распиша јавен повик за набавка на 50 автобуси, но, поранешниот директор на ЈСП, Орце Георгиевски, шест дена пред истекот на рокот за доставување понуди ја поништи јавната набавка. Управниот одбор на ЈСП донесе одлука за набавка на 52 автобуси, од кои 50 нископодни новопроизведени двокатни соло автобуси и два новопроизведени двокатни панорамски соло автобуси. На меѓународниот тендер, пристигнаа 29 понуди од домашни и светски производители на автобуси, а спроведувањето на постапката го чинеше ЈСП 108.858 денари.

По поништувањето на тендерот, ЈСП ги врати средствата дадени од Владата.



## *Промотивно возење со нископоден автобус*

*Градоначалникот Костовски, со цел да и покаже на Владата дека првичната одлука за набавка на нископодни автобуси е вистинското решение за проблемите во јавниот превоз во градот, организираше и промотивно возење со нов нископоден автобус од фирмата Мерцедес. Реакциите на граѓаните, кои имаа можност да се возат со новиот мерцедесов автобус, беа повеќе од позитивни.*

# ТВРДИНАТА КАЛЕ – ПОЧЕТОК НА МОДЕРНО СКОПЈЕ

*Тврдината што постои и денес е изградена во 6 век. Според археолозите, камените блокови од кои е изградено Кале биле земени од разурнатиот град Скупи. Скопската тврдина несомнено е една од најзначајните историски знаменитости во нашата земја.*

Томе Смилевски

Со векови и векови различни освојувачи ја граделе, уривале и преградувале, но тврдината Кале опстојува и продолжува да биде симбол на непокорливиот дух на народот на овие простори. Скопската тврдина е едно од најубавите места во градот, кое нуди волшебна глетка на центарот на Скопје. Утврдувањето е сместено на високиот рид познат под името Градиште и низ историјата било од големо стратешко значење за градот.

Безвременоста и мистичноста на Кале е потврдена со досегашните археолошки истражувања на локалитетот, кои укажуваат на праисториското минато на тврдината. Наодите укажуваат дека најраните познати жители на тоа место живееле во неолитот и раното бронзено доба, 4.000 години п.н.е.

Тврдината Кале има форма на триаголник, одгоре зарамнет и со изразен пад на јужната и на западната страна. Источната страна каскадно слегува кон Скопско Поле и кон некогашната река Серава и на неа се наоѓа дел од Старата чаршија. Северната страна е поврзана со ридовите што се составен дел на подножјето на Скопска Црна Гора. Станува збор за природно заштитен и тешко пристапен терен, кој уште од најстари времиња бил погоден за населување. Од западната страна на тврдината тече рекатa Вардар. На таа страна има еден пат што води од градот покрај пештерите кон „Водените кули“ што се наоѓаат на брегот на реката. На источната, југоисточната и северната страна на градот се наоѓа длабок канал од стрмни карпи. На таа страна, пред портата, се наоѓа дрвен мост преку каналот. Стражарите, според историските податоци, го кревале мостот на чекрк и на тој начин правеле брана пред својата порта.

Тврдината што постои и денес е изградена во 6 век. Според археолозите, камените блокови од кои е изградена тврдината биле земени од разурнатиот град Скупи. Се претпоставува дека во 6 и 7 век тука бил изграден рановизантискиот град, Јустинијана Прима, кој бил административен центар на Балканот. Според професорот Микулчиќ, Тврдината повторно заживеала во 10 век, кога во времето на Цар Самоил бил формиран средновековниот византиско-словенски град Скопје, кој во рамките на тогашното пространо македонско Самоилово царство претставувал една од поважните стратешски точки – градови –тврдини. За време на Османлиската империја тврдината Кале станала воен објект.

Катастрофалниот земјотрес од 1963 година му нанесе огромни штети на Калето. Разурнати беа бедемите, одбранбените кули, како и зградите што се наоѓаат во тврдината. По земјотресот, почна голема акција за реставрација и конзервација на тврдината, но штетите не се комплетно санирани.

Скопското Кале несомнено е една од најзначајните историски знаменитости во нашата земја.



### Збратимени градови - Нирнберг

# МЕТРОПОЛА - КАДЕ ШТО СЕ ИЗМЕШАНИ МИНАТОТО И МОДЕРНОТО

Сместен на двата брега на реката Пегниц, градот Нирнберг е уникатна мешавина на традицијата и на модерното време. Нирнберг е модерен град со 500.000 жители, но во градскиот пејзаж се уште доминираат илјада години историја.

Нирнберг е вториот по големина град во Баварија и 14 општина по големина во Германија. Тој е економски, услужен и културен центар на Северна Баварија. Во него живее повеќе од 18 отсто население со друга националност, освен Германци. Сите жители на Баварија живеат во толеранција и мирна коегзистенција, пишува на официјалната интернет-страница на Нирнберг.

Градот зафаќа површина од 186,6 квадратни километри. На запад, Нирнберг се спојува со соседните општини Фурт и Зиндорф, а кон југ со градовите Стајн и Оберасбах. Нирнберг е стар речиси 1000 години. Во средниот век, во Нирнберг се чувала кралската круна на империјата. Во 20 век градот станал центар на нацизмот, а по завршувањето на Втората светска војна тука се одржале познатите судења на главните воени злосторници на нацистистичкиот режим.

Од бомбардирањата, градот бил многу уништен, но денес тој претставува успешна мешавина на минатото и сегашниот модерен живот. Од 1970-те години наваму Нирнберг се трансформираше во сервисен центар со висока стапка на раст во областа на иновативните сервиси, инженерството, економското консултантство, истражувањата на пазарот и Е-бизнисот.

Нирнберг секоја година го посетуваат повеќе од 1,2 милиони туристи кои присуствуваат на околу 100 настани и педесетина саеми и конгреси, вклучувајќи го и најголемиот специјализиран саем за играчки во светот. Нирнберг нуди палета настани за различни вкусови низ целата година, опера и балет во Државниот театар, културни настани за деца, кабареа, музички фестивали и концерти.

Меѓународната соработка на Нирнберг со други градови датира уште од средниот век. Тие врски во голем степен помогнале за развој на поранешниот „Слободен град на Империјата“. Градот денес одржува одлични врски со 14 збратимени градови од целиот свет, меѓу кои и со Скопје.

Е.К.



Божикен базар во Нирнберг

# СКОПЈЕ СЕ ЗБРАТИМИ СО САРАГОСА





Градоначалникот на Скопје, Трифун Костовски и градоначалникот на шпанскиот град Сарагоса, Хуан Алберто Белоч, на 11 декември годинава, потпишаа Спогодба за збратимување со којашто беше официјализиран почетокот на соработката меѓу двата града.

Врз основа на разговорите и договореното, се очекува Скопје и Сарагоса да започнат активности поврзани со реализирање на проекти во повеќе области, кои се опфатени во Спогодбата на збратимување. Двата града ќе се стремат кон натамошно јакнење на пријателските односи и промовирање на соработката на сите полиња од интерес на граѓаните на Сарагоса и Скопје.

Двата града ќе разменуваат информации и искуства и ќе ја стимулираат соработката на различни полиња на дејствување кои се во надлежност на градовите, а особено во областите: управување со градот и јавните служби; туризмот; урбанизмот; заштитата на животната средина; образованието и културата; спортот; соработката на младинските и на невладините организации; соработката во рамките на мрежите на градови во кои членуваат двата града; во европските прашања и во сфери од надлежност на локалната самоуправа. Со Спогодбата за збратимување, двата града се обврзуваат да посветат посебно внимание во размена на искуствата и добрите практики, а ќе разменуваат информации за проекти и ќе учествуваат во проекти кои се од заеднички интерес.

Сарагоса е град кој се наоѓа на реката Ебро и има 680.000 жители, приближно како Скопје. Во градот се наоѓа познатата католичка базилика Nuestra Senora Del Pilar и катедралата Del Salvador.

А.Џ.

## ГРАД СКОПЈЕ

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
ТРИФУН КОСТОВСКИ
тел: 3297 204, барака број: 4
gradonacalnik@skopje.gov.mk

СЕКРЕТАР НА ГРАД СКОПЈЕ
ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ
тел: 3 297 281, 3 297215, барака: 3

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Ирена Мишева
тел: 3 297 207, барака бр. 1
irena.miseva@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ
Раководител: Крсте Андоновски
тел: 3 297 277, барака бр: 7
kandonovski@skopje.gov.mk

-Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
Раководител:
Андријана Манчевска
тел: 3 297 275
andrijanam@skopje.gov.mk
danoci@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Раководител: Аљоша Шопар
тел: 3 297 282, барака бр: 10а
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
Раководител: Цветанка Икономова-Мартиновска
тел: 3 297 301, барака бр: 14
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ
Раководител:в.д Јелена Перинска
тел: 3 297 392, барака бр: 11
Jelena.Perinska@skopje.gov.mk

ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Раководител: Хамзи Џафери
тел: 3 297 359, барака број: 14
hamzidz@skopje.gov.mk

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ“
Директор: Љупчо Јованов
jovanovlj@gradskiparking.com.mk
тел: 3091 072 , 3091 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
тел: 3 238 871

ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“
Директор: Илија Мартиновски
тел: 3 162 317
www.jpuliciipatista.com.mk

ЈСП „СКОПЈЕ“
Директор: Александар Бошковиќ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 3 174 265
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
тел: 3 173 224

ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
Директор: Златко Димовски
тел: 3 220 827
www.khigiena.com.mk

ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“
Директор: Душан Авировиќ
тел: 3070 112

ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“
Директор: Игор Арнаудов
тел: 3 220 839
www.vodovod-skopje.com.mk

-Реони за наплата и одржување на водоводна и канализациона мрежа

Реон 1 Центар
наплата тел: 3117 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 238 992
одржување канализациона мрежа тел: 3 137 123

Реон 2 Кисела Вода
наплата тел: 3116 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 782 609
одржување канализациона мрежа тел: 2 791 566

Реон 3 Карпош
наплата тел: 3 118 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3076 407
одржување канализациона мрежа тел: 3062 174

Реон 4 Чаир
наплата тел: 3 117 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 671 888
одржување канализациона мрежа тел: 2 671 999

Реон 5 Гази Баба
наплата тел: 3 116 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 174 524
одржување канализациона мрежа тел: 3 174 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“ 3162-544
Културно информативен центар 3115-238
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163-739
Младински културен центар 3115508
Музеј на град Скопје 3115-367; 3113-609
Универзална сала - Скопје 3245-615
Зоолошка градина 3220-578
Детски Културен Центар „КАРПОШ“ 3116-159

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

Противпожарна служба 193
Центар за управување со кризи 195
Електро-Скопје 02 3161454
Топлификација 02 3076200
Ургентен центар 02 3147147
Градска болница 02 3130311
Аеродром „Александар Велики“ 02 3148333; 02 3148336
Меѓуградска автобуска станица 02 2466011; 02 2466313
Железничка станица 02 3164255
Матична служба - ГУВР 3117 037; 3117 766
Сала за венчавање 3118 250
Републички пазарен инспекторат 975
СОС - кризни состојби на деца и млади 0800 12 222; 3136 400
СОС - за жени и деца жртви на насилство 9700
СОС - информации и превенција од трговија со луѓе 0800 11 111; 3173 424
Драмски театар 3063388
Детски театарски центар 3290111
Македонска опера и балет-МОБ 3114511
Национална галерија на Македонија-Мала станица 3126856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

Општина Центар 3203 680
Општина Кисела Вода 2785 400
Општина Аеродром 2400 970
Општина Карпош 3061 507
Општина Гази Баба 3226 655
Општина Чаир 2616 865
Општина Бутел 2616 868
Општина Шуто Оризари 2650 584
Општина Ѓорче Петров 2039 307
Општина Сарај 2050 289

ГРАД СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT

# AЯRIVAL

FROM SWEDEN

## THE MUSIC OF ABBA




**31.12 Плоштад „Македонија“ - почеток 21.00**

# ДОЧЕК НА НОВАТА ГОДИНА